# АДИНГПОКС-1ПВ

*Нисковискозен двокомпонентен епоксиден претпремаз за влажни бетонски подлоги*

## Област на примена:

Претпремаз - прајмер кај сите епоксидни системи. Импрегнација на бетонски површини или површини од цементен малтер. Се користи во случај на подлоги со зголемена влажност во периодот на нанесување на епоксидните премази.
Нисковискозен материјал за инјектирање или залевање на пукнатини во бетонски елементи. АДИНГПОКС 1ПВ се применува како дел од систем за обработка на пешачки патеки на мостови во комбинација со завршни премази на база на метакрилатна смола АДИНГМАРКЕР-П

## Својства:

- Транспарентна, нисковискозна двокомпонетна епоксидна смола;
- Одлична атхезија за сува и влажна бетонска подлога;
- Со голема пенетрација;
- Отпорен на негативен воден притисок
- Водоотпорен и водонепропустлив;
- Бактериолошки отпорен;
- Добра отпорност на благи киселини, раствори на соли и минерални масла;
- Отпорен на нафта и нафтени деривати;

## Технички карактеристики:

| | |
|---|---|
| Тип: | Нисковискозна епоксидна смола |
| Густина (EN ISO 2811): | 1,05 - 1,15 g/cm$^3$ |
| Однос на мешање: | A : B= 2,0 : 1,0 |
| Време на обработливост при T= 20-25°C (EN ISO 9514) | 40 – 45 минути |

## Подготовка на подлогата:

*Нова бетонска подлога*
АДИНГПОКС 1ПВ може да се нанесува на новоизведена бетонска подлога со тоа што процесот на врзување на бетонот мора да биде завршен. На новоизведената бетонска подлога не смее да има заостанато присуство на вода и цементно млеко.

*Стара бетонска подлога*
Подлогата треба да е здрава, обезмастена и обезпрашена за постигнување на добра адхезија. Одстранувањето на цементното млеко се врши по механички пат. Пенетрирани маснотии и нечистотии во подлогата треба да се отстранат со детергенти или препарати за таа намена. Сите оштетувања на подлогата треба да бидат санирани користејќи соодветни материјали од производствената палета на АДИНГ.

## Вградување:

Пред замешување на смесата, потребно е компонентите А и Б засебно да се промешаат. Материјалот се припрема со замешување на двете компоненти со електричен бавен мешач (300 до 500 вртежи /мин.) до потполна хомогенизација. Количината на материјалот што се меша, треба да биде во согласност со отвореното време за работа со материјалот.
Нанесувањето се изведува рамномерно по површината, со тврда четка, со која материјалот се втријува во подлогата. Кај високо порозни подлоги, може да се појави потреба и од повторно прајмерирање. Температурата на подлогата и амбиенталната температура при нанесување на материјалот треба да е во границите од 10°C до 30°C, а релативната влажност на воздухот да е < 70% .

## Потрошувачка:

За еден слој 0,2-0,3 kg/m²

## Чистење:

Алатот и опремата се чистат со Растворувач-П, веднаш по употребата.

## Пакување:

Во сетови од ( А + Б компонента) од 3,3 кг (Акомп.– 2,2 кг и Б комп –1,1 кг)
Во сетови од ( А + Б компонента) од 19,5 кг (Акомп.–13,0 кг и Б комп–6,5 кг)

## Складирање:

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории, на температура од 10°C до 30°C, заштитен од директно изложување на сонце.
Рок на употреба 9 месеци.

ИНДУСТРИСКИ И СПОРТСКИ ПОДОВИ

<u>Опасност по здравјето:</u> Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата или очите, како и директно вдишување при мешање на А и Б компонентата. При инцидентен контакт, производот треба веднаш да се отстрани со сува крпа или благо наквасена со Растворувач-П, а потоа местото добро да се измие со чиста вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со чиста вода и да се побара медицинска помош. Потребно е да се обезбеди проветрување на просториите каде што се работи со смоли и растворувачи.
<u>Пожар:</u> Адингпокс-1ПВ, и Растворувач-П содржат запаливи растворувачи. Не треба да се користат близу до отворен оган или да се пуши за време на вградувањето.
<u>Чистење и депонирање:</u> Неврзани остатоци од Адингпокс-1ПВ, се чистат со Растворувач-П. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад. Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на адекватна опрема.

ADING
Новоселски пат (ул. 1409) бр. 11, 1060 Скопје, Р.Македонија, ading@ading.com.mk,
Тел: + 389 / 02 2034 840, 2034 820, Факс: + 389 / 02 2034 821
www.ading.com.mk